РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ

*Сектор за урбанизам, заштита на животната средина,*
*комунални работи и оттуѓување на градежно земјиште*
*Одделение за урбанизам и заштита на животната средина*

БР. 1002-183/5
од 16.07.2021год.

Врз основа на член 62 став (10) од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија” бр.32/20), Градоначалникот на Општина Свети Николе упатува

**СООПШТЕНИЕ**

за организирање јавен увид по

**Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на фотоволтаична електрана на КП 2163, КО Свети Николе-вгр, Општина Свети Николе**

Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на фотоволтаична електрана на КП 2163, КО Свети Николе-вгр, Општина Свети Николе со тех. бр. 30/21-У од јуни 2021, е изработен од ЗУМ ПРОЕКТ ДОО Скопје, со површина 1.09 ха .

Јавниот увид ќе се спроведе со објавување урбанситичкиот проект на службената веб страна на Општина Свети Николе.

Јавниот увид ќе трае 15 дена, од 16.07.2021 до 30.07 2021 година, на службената веб страна на Општина Свети Николе (www.svetinikole.gov.mk ).

Во споменатиот рок, заинтересираните граѓани и правни лица можат да доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења.

Пристигнатите забелешки ги разгледува комисијата за урбанизам, која составува записник со образложенија за прифатените и неприфатените забелешки, што се објавува на службената веб страна и му се испраќа на изработувачот на урбанистичкиот проект за да ги вгради во планскопроектната документација.

**Општина Свети Николе**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**

м-р Сашо Велковски